

# Поддршка на изборните реформи во Западен Балкан

Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR

Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) го спроведува проектот „Поддршка за изборни реформи во Западен Балкан“ со цел да се поддржат институциите и граѓанското општество во нивните напори за спроведување на препораките од набљудувачките мисии за време на изборите. Проектот ги опфаќа областите поврзани со институциите задолжени за управување со изборите, регистрацијата на гласачи, улогата и работата на медиумите за време на изборни кампањи, можноста на партиите и кандидатите слободно да водат изборни кампањи, и капацитетот и независноста на органите за решавање изборни спорови.

## 5 тематски области

Поддршка на локалните и меѓународните партнери во нивните напори со цел:

- Поттикнување на капацитетот на изборните органи за ефикасно, непристрасно и транспарентно спроведување на изборите;
- Зголемување на точноста на избирачките списоци и процесите на регистрација на гласачите, вклучително и преку ефикасна координација со регистрите на населението и јавниот увид во избирачките списоци;
- Подобрување на знаењето и капацитетот на регулаторните тела за следење и регулација на медиумите за време на избори, со цел за плуралистички и фер изборни кампањи;
- Унапредување на правилата и праксата за изборни кампањи, односно, партиите и кандидатите да можат слободно да ги изнесуваат своите ставови ослободени од административни постапки, насилство или заплашување, како и подобрување на механизмите за зголемена транспарентност и отчетност, вклучително преку објавување на финансиите кои се користат за време на изборните кампањи;
- Подобрување на капацитетот и независноста на органите за решавање изборни спорови, вклучувајќи ги и изборните органи и судовите, со цел за зајакнување на интегритетот и довербата на јавноста во изборниот процес и владеењето на правото.

OSCE ODIHR

## Фокус

Проектот е финансиран од Европската Унија и Австриската агенција за развој и започна да се спроведува во јануари 2021 година и истиот ќе трае три и пол години. Проектот нуди поддршка за Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора и Србија. Проектот, исто така, нуди помош и за Косово.* Проектните активности се засноваат на препораките на претходните набљудувачки мисии на ОДИХР за изборите. Изборите во Косово ги набљудува Европската Унија и за проектните цели се користат препораките од овие набљудувачки мисии.

Проектот започна во 2021 година и се надоврзува на работата спроведена во рамки на проектот Поддршка за изборите во Западен Балкан, што се спроведуваше помеѓу 2017 и 2020 година. Иако во текот на првата фаза од проектот со поддршката од ОДИХР се постигна одреден напредок во однос на изборните препораки, потребна е понатамошна помош за сеопфатно разгледување и ефикасно постапување по препораките.

„Постапувањето по препораките произлезени од активностите за набљудување на изборите на ОДИХР и Европската Унија е важен чекор што треба да се преземе за да се подобри стабилноста на институциите, да се заштити демократското владеење и да се зајакне довербата на јавноста во изборните процеси. Овие основни цели се водилка за работата на ОДИХР за поддршка на нашите локални и меѓународни партнери кои работат на изборите во Западен Балкан.“

Матео Мекачи
Директор, Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права

* Сите референци за Косово, без разлика дали за територијата, институциите или населението, во овој текст треба да се разбираат во целосна согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации.

## Активности

Проектот ги поддржува партнерите преку тематски регионални работилници, правна и техничка помош, размена на добри практики меѓу практичарите на регионално ниво, и подигање на свеста за изборните реформи. Проектот се состои од серија меѓусебно поврзани активности, овозможува користење и размена на резултатите и искуствата од овие активности и други консултативни процеси како и нуди помош и поддршка на барањата кои доаѓаат од различни изборни корисници.



## Инклузивна реформа и партнерства

Долготрајните реформи мора да бидат сеопфатни и водени од чинителите во изборниот процес. Овој проект ги поддржува постојните реформски механизми коишто го вклучуваат граѓанското општество и другите релевантни чинители. Исто така, проектот посветува внимание кон вклучување на недоволно застапените групи во политичкиот живот, вклучувајќи ги и жените, националните малцинства и лицата со попреченост.

Овој проект соработува со други меѓународни организации со цел да обезбеди комплементарна поддршка. Тоа вклучува тесна соработка и консултации со теренските канцеларии на ОБСЕ, делегациите на Европската Унија и поддржувачите на *Декларацијата на Обединетите нации за принципите за меѓународно набљудување на изборите* (2005).

## Позадина на проектот

На самитот во Истанбул во 1999 година, земјите-членки на ОБСЕ се обврзаа да ги следат изборните оценки и препораки на ОДИХР. Тие, исто така, ја препознаа помошта што ОДИХР може да ја обезбеди во развојот и спроведувањето на изборното законодавство. ОДИХР постојано го поддржува ефикасното следење на препораките и *Прирачникот за следење на изборните препораки* од 2016 година дава преглед на пристапот на ОДИХР во оваа важна област. ЕУ, прифаќајќи ја важноста на демократските реформи и аспирациите за европска интеграција на регионот, исто така ја истакна потребата за поддршка во следењето на препораките на ОДИХР.

**За повеќе информации во врска со проектот и за пристап до проектната библиотека, посетете** http://www.osce.org/odihr/wb **или контактирајте на** wb-project@odihr.pl

**Финансиран од Европската Унија**

**Со финансирање од** Austrian Development Agency

OSCE ODIHR

**OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights**

Ul. Miodowa 10
00-251 Warsaw
Poland

Office: +48 22 520 06 00
Fax: +48 22 520 06 05
office@odihr.pl
www.osce.org/odihr

**Follow OSCE and ODIHR**